Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 530 www.mchamber.mk 19.5.2023

# СТРУЧНО Е КЛУЧНО!

## УПИСИ ВО СТРУЧНИТЕ УЧИЛИШТА






## Македонско-фински економски форум во Скопје

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

## СТАНДАРД Покровители

## СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ВО УСЛОВИ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ, САЈБЕР НАПАДИ, ТЕРОРИЗАМ, ШПИОНАЖА НЕОПХОНА Е ЗАКОНСКА РАМКА ЗА ЗАШТИТА



Во присуство на претставници на компании членки, Стопанската комора во соработка со министерството за одбрана организираше работилница на тема: „ЕУ стандарди и законска регулатива за отпорност и заштита на критичната инфраструктура“.

Целта на настанот беше да се даде акцент за важноста на критичната инфраструктура

за функционирањето на една држава, и доколку дојде до нејзино оштетување, уништување или загуба да не се доведе до губење на испораката на услугите кои зависат од нејзино непречено функционирање. Во услови на технолошкиот развој, глобалните промени во животната средина во последните неколку години, како и елементарните катастрофи се укажа на потребата за сериозно преиспитување на заштитата на критичната инфраструктура во контекст на опасноста од елементарни непогоди и други видови загрозување типични за современото живеење како што се тероризам, шпионажа и сл.

На работилницата воведно обраќање имаше Благој Христов, претседател на Здружението за информатичко-комуникациски технологии при Комората. Поздравувајќи ја иницијативата посочи дека предлог законското решение треба да вклучи активна дискусија помеѓу засегнатите страни бидејќи станува збор за сериозен закон во кој многу работи треба да бидат дефинирани презицно, меѓу другото и каде завршува критичната инфраструктура, а каде започнува инфраструктурата на пример на ИТ секторот, во делот

на безбедност на мрежи, националната инфраструктура од аспект на капитални објекти, што се ќе биде предмет на критична инфраструктура и сл.

Проф. Д-р. Марјан Ѓуровски, во улога на претседател на комитетот МКД НАТО 2030, потенцираше дека во услови на променета европска безбедносна архитектура, конфликтите, пандемијата, социо-економската и финансиската нестабилност и натаму ги нарушуваат начините на живот ширум светот. Низ овие години на големи предизвици, потребно ни е сè посилно и подлабоко партнерство вели Ѓуровски.

Акцент стави и на фактот дека во изминатиот период во регионот идентификувани се и зголемен број на сајбер напади врз државните институции, невладините организации, врз системите за водоснабдување, енергетската мрежа, транспортот, голем број на онлајн услуги кои ги користат граѓаните и стопанствениците и централните банки. Токму овие, сајбер нападите и хибридните активности се насочени и кон слабеењe на отпорноста на државите. Преку поткопување на општествената кохезија и нашиот начин на живот овие активности се насочени кон ослабување и поделба на земјите однатре

Работилницата ја водеше предавачот од Универзитетот во Загреб, проф. д-р Роберт Микац кој преку повеќе презентации ја образложи потребата за заштита на критичната инфраструктура, а беа презентирани и серија примери за начиот на регулирање на критичната инфраструктура во земјите во Европа.

Критична инфраструктура на РСМ се виртуелни средства, системи, објекти, мрежи или нивни делови со кои се остваруваат витални функции на општеството, а кои се од суштинско значење и прекинот на нивната работа или нивното уништување, би имало значително влијание или сериозни последици за националната безбедност, здравјето и животот на луѓето, животната средина, безбедноста на граѓаните, економската стабилност и функционирањето на државата. Електроенергетската инфраструктура, транспортот на нафта и природен гас, се најранливи сегменти од енергетската инфраструктура и претставуваат цели на напад.

Во моментов во фаза на финална изработка е Предлог закон за критична инфраструктура, со кој за прв пат во РСМ се става во правна рамка критичната инфраструктура, а за кој треба да бидат информирани деловните субјекти пред истиот да биде донесен, бидејќи предвидува и обврски за компаниите од наведените сектори.

Предлогот на закон за критична инфраструктура ги вклучува деловните субјекти од областа на:



- Енергетиката (производство, вклучувајќи и брани, рударство, пренос, складирање, транспорт на енергенсите и енергијата, дистрибуција и сл.),
- Транспортот (патен, железнички, воздушен и воден сообраќај),
- Банкарски системи и инфраструктура на финансиските пазари,
- Здравство (здравствена заштита, производство, трговија и контрола над лековите)
- Водоснабдување (системи за довод и одвод на води),
- Храна (производство и снабдување со храна, стокови резерви)
- Производство, складирање и превоз на опасни материи (хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни материјали),
- Јавни служби (обезбедување на јавен ред и мир, заштита и спасување, итна медицинска помош),
- Дигитална инфраструктура, комуникациски и информациски технологии (електронски комуникации, пренос на податоци, информациски уреди и инсталации, аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и сл.).

На работилницата беше констатирано дека дијалогот за креирање соодветна законска рамка за критична инфраструктура ќе продолжи во следниот период, со вклучување на сите надлежни и засегнати страни.



# Македонско-фински економски форум во Скопје



Финска и Македонија имаат одлична основа за воспоставување економска соработка зашто двете земји, како мали отворени економии, мораат да извезуваат за да опстанат, имаат пазарно-ориентирани економии и ги прифаќаат принципите на слободна трговија, ги почитуваат стандардите и регулативите на ЕУ за трговијата и привлекување инвестиции, и секако, туризмот во двете земји има голем потенцијал, истакна Зоран Јовановски, потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија на денешниот бизнис форум, организиран по повод одбележувањето на 30 години дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Република Финска.

„Ние сме веќе сведоци на нов процес на де-глобализација на светската економија. Сега зборуваме за near-shoring, а веќе и за friend-shoring. Во овој нов економски свет станува императив да соработуваш со тие кои ги перципираш за пријатели. Мислам дека во тој поглед, земајќи ги предвид новите околности, иако досега не сме имале голема економска соработка, навистина можеме да направиме прогрес“, кажа Јовановски во воведното обраќање на форумот.

Настанот кој ги собра официјалните државни претставници и бизнисмените од двете земји беше наменет за компаниите од ИКТ секторот, рударството, заштита на животната средина, производство и продажба на медицинска опрема и градежништвото.

Светозар Јаневски, почесен конзул на Финска во Северна Македонија оцени дека покрај образованието, кој е значаен сектор каде што влијанието на Финска може да донесе голема предност за нашата држава, голем потенцијал за соработка е и бизнисот.

„Свесни сме за интересот и подготвеноста на Финска да ги сподели своите знаења и искуства со нас, но исто така треба да го нагласиме и потенцијалот што ние го нудиме за деловна соработка, во смисла на можностите за нови инвестиции и партнерства со македонски компании за зголемување на трговската размена помеѓу двете земји. Има многу теми од интерес, вклучувајќи енергија, информациско-комуникациски технологии и иновации. Сведоци сме на зголемена трговска размена во последните неколку години и постојат уште многу можности кои можат да се искористат“, истакна Јаневски.

Во официјалниот дел на форумот беше презентирана бизнис климата во земјата, но и во Република Финска, како и можностите за соработка со фински компании.

„И покрај географската одалеченост, нашите луѓе стануваат сè поблиски“, оцени амбасадорот на Финска Н.Е Кимо Ладеверта.

Заменикот на претсетседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, во неговиот говор се осврна на националните цели во привлекувањето на нови странски инвестиции, при што потенцираше дека од огромна важност е развивањето на деловни односи со домашни компании.

„Освен фокусот на создавање на атрактивна деловна средина за нови странски инвестиции, посветени сме и на засилување на глобалната конкурентност на домашните компании. Владата обезбедува поддршка за локаните компании во делот на надоградба на нивните капацитети за интегрирање во глобалните вредносни синџири, односно на нивната способност да креираат дополнителна вредност не само на домашниот пазар, тука и на регионалните и глобални пазари“, рече Битиќи.

По завршувањето на форумот, домашните компании имаа можност да остварат директни билатерални средби со претставниците од бизнис секторот од Финска, заинтересирани за воспоставување деловна соработка со партнери од Северна Македонија.

Бизнис форумот беше организиран од Амбасадата на Финска во Република Србија задолжена за Р.С. Македонија, Стопанската комора на Северна Македонија и Почесниот Конзулат на Финска во Северна Македонија.

Финска е една од водечките земји во светот во многу индустрии и е позната по стабилно и просперитетно деловно опкружување и успешни деловни релации како со нордиските земји така и со единствениот пазар на Европа.

# СТРУЧНО Е КЛУЧНО-УПИСИ ВО СТРУЧНИТЕ УЧИЛИШТА




На денешната прес конференција на тема „Стручно е клучно-уписи во стручните училишта" беше претставен образовниот настан насловен како „Дигитален саем за уписи во стручно образование" што го организира Стопанската комора со цел да се информираат младите деветтоодделеници и нивните родители за различните видови квалификации и занимања кои се бараат, за условите што ги нудат средните стручни училишта и компаниите вклучени во образовниот процес и да се поддржат во изборот на соодветна квалификација и занимање при носењето на нивната животна одлука.

Дигиталниот саем ќе се одржи на 19 мај, со почеток во 11 часот, а ќе го следат учениците – деветтоодделенци од сите основни училишта во земјата.

На саемот му предходеа Отворените денови на стручните училишта каде стручните училишта и компаниите кои соработуваат со нив ги презентираа условите и можностите за упис во средното стручното образование.

Саемот е продолжение на дигиталниот саем за стручно образование што беше поддржан од проектот „Образование за вработување", а во негова организација беа: Македонскиот центар за граѓанско образование, во соработка со Стопанската комора на Северна Македонија и Министерството за образование и наука.

На дигиталниот саемот преку неколку панели, илустративни примери и видео презентации се претставени 15 видови на квалификации/профили и повеќе занимања



кои се исклучително барани на пазарот на труд со цел да им се приближат на учениците за подобро да се запознаат со нив и да ги поттикнат да размислуваат за запишување токму во тие квалификации.

На саемот, ученици средношколци говорат зошто се запишале во соодветната квалификација/профил и како ја реализираат практичната настава; преставници од компаниите ги објаснуваат работните задачи на занимањето; директори на стручните училишта ги претставуваат условите во стручните училишта; завршени ученици од стручното образование, сега вработени, ни ги раскажуваат своите успешни приказни, додека преку видео презентациите учениците имаат можност да видат дека многу работни задачи кои се работеле мануелно, денес се автоматизирани и се работи на современи машини.

На прес конференцијата свое обраќање имаше и директорот на Центарот за стручно образование и обука, Шериф Мифтари.

„Ако на првата прес конференција во 2020 година, организирана од Стопанската комора, на која бев поканет по моето назначување за директор, повеќе зборував за теоретски факти, денес на оваа конференција ќе зборувам со реални податоци во однос на напредокот кој е постигнат во стручното образование, но посебно во дуалното образование" истакна директорот на Центарот за стручно образование и обука, Шериф Мифтари. Според Мифтари, заедно во соработка со Стопанската комора реализирани се низа активности кои придонеле за позитивните резултати кои секогаш се насочени кон создавање сопствен кадар во интерес на нашите компании.

Бројот на ученици вклучени во дуални паралелки во учебната 2020/2021 година изнесувал 98 ученици; во учебната 2021/2022 година изнесувал 1486 ученици, додека во учебната 2022/2023 година бројот на ученици се зголемил на 2763 ученици.

Бројот на дуални паралелки во средните стручни училишта во учебната 2020/2021 година изнесувал 11 дуални паралелки; во учебната 2021/2022 година, бројот пораснал на 97 дуални паралелки, додека учебната 2022/2023 година изнесува 225 дуални паралелки од 555 паралелки во средните стручни училишта.

Бројот на средни стручни училишта вклучени во дуалниот модел на образование во учебната 2020/2021 година изнесувал 8 училишта, во учебната 2021/2022 година, бројот пораснал на 46 училишта, додека во учебната 2022/2023 година изнесува 61 училишта од вкупно 75 средни стручни училишта.

Бројот на квалификации/профили кои се реализираат преку дуалното образование во учебната 2020/2021 година изнесувал 4 квалификации, од 2 сектора, во учебната 2021/2022 година, бројката пораснала на 49 квалификации од 12 сектори, додека во учебната 2022/2023 година, изнесува 62 квалификации од 14 сектори.

# СКСМ СО ПРЕДЛОГ ЗА ЕНЕРГЕТСКИ МЕРКИ ДО СИТЕ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ НАДЛЕЖНИ ВО ЕНЕРГЕТИКАТА



Девет предлог мерки кои државата треба да ги преземе за да се поддржи економијата во енергетска криза се испратени од Стопанската комора до сите државни и јавни институции кои имаат надлежност во енергетиката.

Дописот со мерките кои ги предлага бизнис заедницата се адресирани до Владата, Министерството за економија, АД ЕСМ, АД МЕПСО, НЕР, Регулаторната комисија за енергетика, Министерството за животна средина, МАНУ, МЕМО и други државни субјекти.

Мерките произлегоа од јавната седница на УО на Стопанската комора на Северна Македонија и на Македонската енергетска асоцијација во рамките на Комората, а меѓу другото содржат и препораки до самите стопански субјекти.

Предлог-мерки

АД ЕСМ, со поддршка на Владата како негов единствен и целосен сопственик, да го конципира производството од термоелектраните според цената на мазутот и јагленот, односно доколку во следниот период кога ќе порасне производството на евтина електрична енергија од фотоволтаици, АД ЕСМ да се насочи кон откуп на таква енергија, наместо производство на поскапа електрична енергија од термоелектраните.

Претходната мерка за вклучување во работа на сите електрани веќе нема ефект во услови на зголемено производство од обновливи извори (фотоволтаични централи) и затоа треба да се следи состојбата со цените на електричната енергија и енергенсите да одлучува дали и кога е исплатливо да се вклучат одредени домашни енергетски капацитети, а кога да се увезе евтина енергија.

Државата, преку Министерството за економија и други органи, да стимулира изградба на различни видови електрани од обновливи извори, односно да обезбеди дисперзија во инвестирањето на обновливи извори на енергија и планска изградба на дистрибутивната мрежа, согласно Стратегијата за развој на енергетиката до 2030. Засиленото градење само на фотоволтаични електрани ќе доведе до енергетски дисбаланс. Потребно е да се стимулира изградба на биогасни и ветерни електрани, и да се доизградат малите хидро електрани кои државата ги планирала.

Складирањето на електричната енергија од обновливи извори веќе се појавува како потреба и решение, и државата е потребно да ги поддржи инвеститорите и индустриските капацитети да инсталираат батериски системи. Мерките се однесуваат на олеснување и намалување на постапки и давачките, како и намалување на царинските стапки до нивно елиминирање, следејќи го примерот на ЕУ, заради поттикнување на поголемо инвестирање.

Значаен систем за складирање на вишокот електрична енергија од фотоволтаици во иднина ќе биде хидроелектраната Чебрен, која како реверзибилна хидроелектрана ќе ја користи електричната енергија од евтините часови за пумпање вода во горниот басен, од кој потоа би се произведувала енергија во часовите на повисока побарувачка. Од тие причини потребно е да се дореализира постапката за капиталниот проект Чебрен, кој во секој случај ќе биде решение по подолг рок, односно по неговата изградба.

Компаниите треба да ја прифатат новата состојба со варијациите на цените во текот на денот и да пристапат кон набавката на електрична енергија согласно нивниот технолошки процес, односно доколку можат потребно е да ги менаџираат потрошувачката и производниот процес согласно берзанските цени во текот на денот, со цел да остварат енергетски заштеди.

Хидрогенот, како гориво на иднината и начин на конвертирање и складирање на вишокот електрична енергија, да биде имплементиран во Стратегијата за развој на енергетиката до 2030 година, при нејзиното следно обновување, кое се врши на секои 5 години и во кое се вклучени владините институции и МАНУ.

Државата интернационално да се сертифицира за да може производителите на енергија од обновливи извори да издаваат зелени сертификати. Зелените сертификати се побарувани од стопанските субјекти кои користат значајна количина електрична енергија и на кои зелените сертификати им се значајна алатка пред странските пазари. Издавањето на сертификатите ќе обезбеди и постојан девизен прилив за државата.

Стопанската комора го поздравува отворањето на домашна берза на електрична енергија од страна на МЕМО. Со цел македонска берза на електрична енергија да биде ликвидна, потребно е да се донесе одлука сите државни купувачи да бидат на „wholesale“ пазар, односно да не се набавува електрична енергија на тендери и преку билатерални договори, туку истото да се врши на македонската берза.

Магистралните гасоводи за кои е одговорен НЕР да се стават во функција, но притоа да се градат и дистрибутивни мрежи низ градовите.

# ПОДДРШКА НА КОМПАНИИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАДАР



Генерално, веќе подолго време, работодавачите во нашата земја се соочуваат со недостаток од работна сила. Имајќи го во предвид ваквиот проблемот кој го отежнува нивното работење, во организација на Стопанската комора, беше одржана работилница на која беа презентирани мерките од Оперативниот план за вработување кој што се подготвува на годишно ниво во соработка со Стопанската комора, бизнис секторот и невладините организации со цел да се обезбеди кадар за компаниите за да ги пополнат слободните работни места за одржување на продуктивноста во нивното работење.

На работилницата свое обраќање имаа м-р Наташа Јаневска од Стопанската комора, Младен Фрчковски од министерството за труд и социјална политика и Алберт Мемети од невладината организација Ромалитико.

На работилницата преку отворен дијалог претставниците на компаниите имаа можност да ги искажат потребите за соодветен кадар за пополнување на работните места и да добијат информации за расположливиот кадар преку искористување на активните мерки за вработување и поврзување на работодавачите со невработените. Во текот на работилницата фокусот беше ставен на:

остварувањето соработка помеѓу заинтересираните страни за споделување информации од потребата од работна сила во нашата земја и

потребните профили на работна сила со цел насочување и преквалификација и доквалификација на кадарот.



# БАРАЊА ЗА НОВИ СОРАБОТКИ ЗА УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА ВО ТЕКСТИЛНИОТ СЕКТОР



Вмрежувањето на компании со стручни училишта за реализација на учењето преку работа е една од активностите на Центарот за дуално образование во рамките на Советот за развој на тренингот и обуките. На барање на фирмата/модното студио „Диа Нешо“ од Скопје во Стопанската комора се одржа работен состанок со директорката на средното училиште „Кочо Рацин“, Скопје, за воспоставување на заедничка соработка за реализација на учењето преку работа за квалификации од секторот текстил, кожа и слични производи, со можност за нивно вработување по завршување на образованието. На состанокот беа разгледани две можности за обезбедување на кадарот за компанијата: обезбедување на ученици од училиштето кои сега го завршуваат стручното образование со можност за нивна кратка обука и вработување и обезбедување на ученици од II и III година за реализација на учење преку работа во нивната фирма за квалификацијата Моделар.

На состанокот, претставниците на компанијата беа информирани за процедурите за реализација на учењето преку работа како:

Потпишување Меморандум за соработка со стручното училиште;

Сертифицирање на ментор за практична обука преку реализација на обука што ја реализира Стопанската комора , во траење од три дена;

Верификација на работодавачот за реализација на практична обука што ја спроведува Комисија од Комората за проверка на исполнетоста на условите на работодавачот за реализација на практична обука и Потпишување Договор помеѓу училиштето, компанијата и ученикот/старателот.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Семинар
18.05.2023

# УПРАВУВАЊЕ СО ПЕРСОНАЛНА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО РАМКИ НА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Опис на програма:

Обуката на учесниците ќе им овозможи преглед на клучните области на законска регулатива поврзана со работни односи и како овие области имаат влијание на секојдневни ситуации на работно место. Оваа практична обука на учесниците ќе им обезбеди знаење и вештини кои ќе им овозможат ефикасно управување на персонални предизвици на работно место, дискретно, доверливо и во согласност со закон.

За кого е наменета:

Оваа обука е наменета за вработени во секторите за Човечки Ресурси и Кадровски работи, како и за сите раководни лица од линиски, среден и висок менаџмент кои имаат потреба од знаења за законската регулатива со цел подобро менаџирање со своите вработени.

Обучувач:

Наташа Алексовска - Основач и деловен консултант во Вивендум Ратио Солушнс, предавач во Center of excellence на Вивендум Ратио Солушнс. Наташа има докажано и успешно лидерство во компании кои го менуваат начинот на раководење преку развој и примена на современи практики за човечки ресурси кои водат до блиски врски на деловните партнери со целите на компанијата по пат на регрутирање, развој на кадри, управување со таленти, управување со ефективност во работењето, информатички системи за човечки ресурси, консалтинг со извршното раководство, сѐ со цел да се постигне оптимално планирање, управување и искористување на внатрешните потенцијали и ресурси. Има широко познавање и практично искуство во законска регулатива, буџетирање, анализи и иницијативи за заштеда на средства, организациска усогласеност, управување со промени и односи со синдикати и вработени.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
18.05.2023

# ВРЕДНУВАЊЕ – КАКО СЕ ОПРЕДЕЛУВА ЦАРИНСКАТА ВРЕДНОСТ И КАКВО Е ВЛИЈАНИЕТО НА ТРАНСФЕРНИТЕ ЦЕНИ ВО ЦАРИНСКОТО РАБОТЕЊЕ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 18.05.2023 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Вреднување – Како се определува царинската вредност и какво е влијанието на трансферните цени во царинското работење".

Компаниите што се занимаваат со меѓународна трговија мора да вложат напори да ги знаат и да се усогласат со трговските политики што влијаат на нивните глобални пратки. Неусогласеноста со трговските прописи може да резултира со прекини на синџирот на снабдување поради доцнење при царинењето на стоките или непочитување на клучните трговски закони. Иако постојат неколку важни трговски прописи со кои членовите на трговската заедница мора да бидат запознаени, царинската вредност се издвојува како главно трговско прашање. Царинската декларирана вредност е критична трговска политика, а царинското вреднување е клучна активност на царинските органи. Сепак, многу компании вклучени во глобалната трговија се соочуваат со предизвици со тоа што е царинско вреднување и како функционира.

Во текот на онлајн -работилницата ќе биде објаснета која е царинската декларирана вредност и како таа се користи од страна на царинските органи. Ќе биде објаснет Договорот на Светската трговска организација за царинско вреднување и ќе бидат објаснети методите на проценка што треба да се користат за да се утврди царинската декларирана вредност. Исто така, ќе бидат објаснети неколку примери и студии на случај што ќе ја илустрираат употребата на методите за царинско вреднување, како и неколку алатки и ресурси како помошно средство при вреднувањето.

Предавач: д-р Златко Ветеровски, помошник директор Сектор за меѓународна соработка и европски интеграции во Царинската управа на Република Северна Македонија,

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 19.05.2023**

# УПРАВУВАЊЕ СО МЕДИЦИНСКИ ОТПАД -ЛЕГИСЛАТИВА И ПРАКТИЧНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА-

Согласно новото законодавство од областа на управувањето со отпадот и Планот за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021-2031, нотирано е дека постои потреба од подобрувањето на управувањето со медицинскиот отпад, со цел заштита на јавното здравје и животната средина.

Појасното спроведување на постојното законодавство од страна на секоја од медицинските и ветеринарните установи е главен предуслов за поодржлив систем за управување со медицинскиот отпад.

Сеуште постои потребата за воспоставување на интегриран систем за безбедно управување со медицинскиот отпад, кој ќе биде и финансиски самоодржлив. За таа цел е потребно и изготвување на План за управување со медицински отпад, кој ќе има за цел, да обезбеди основа за тоа како да се имплементира овој систем за собирање, транспорт, третман и финално отстранување на медицинскиот отпад од сите здравствени установи во Р. С. Македонија, со што би се дошло до соодветно решение на овој проблем.

Целна група:

Здравствен персонал (лекари, сестри, главни сестри) во болнички здравствени установи, (општи, специјализирани и клинички болници, лаборатории и др.), одговорни лица за медицински отпад, како и за сите останати здравствени работници и соработници кои сакаат да го надградат своето знаење во делот на контролата на ИХИ и заразните болести во здравствените установи.

Предавачи:

- Ана Каранфилова Мазневска, раководител на Секторот за отпад при Министерството за животна средина и просторно планирање и
- Виктор Христов,консултант за медицински отпад.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Online Бизнис средби 23.05.2023 - 25.05.2023**

# “Energy Business Meetings at OMC 2023”-Деловни средби за енергетика https://omc2023.b2match.io/ (хибриден настан), Равена, Италија

Стопанската комора на Северна Македонија во организација со Стопанската комора на Равена при Европската мрежа на претпримачи (ЕЕН), Ве покануваат да земете учество на деловните средби за енергетика, “Energy Business Meetings at OMC 2023”, кои ќе се одржат од 23 до 25 мај 2023 година, со физичко присуство, и од 30 до 31 мај 2023 година, онлајн учество, во Равена, Италија.

Деловните средби за енергетика се исто така поддржани од страна на Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Италија и Италијанската трговска агенција, ИТА.

Настанот за деловни средби и дружење, во своето 6-то издание, се одржува во рамките на OMC 2023 - Med Energy Conference and Exhibition, светски признат како клучен настан во секторот за нафта и гас, офшор индустријата и поврзаните услуги, што ја проширува својата перспектива на целата енергетска индустрија.

Договорените билатерални средби им нудат на изложувачите и посетителите единствена можност да најдат потенцијални партнери во секторите поврзани со енергетиката, со цел да се развие деловна или технолошка соработка.

Сите заинтересирани учесници своето учество можат да го пријават со регистрација на следниот линк, најдоцна до 22.05.2023 година: https://omc2023.b2match.io/signup, каде што ги има и сите подетални информации во врска со настанот. Учеството на настанот е бесплатно.

Контакт лица:

Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk

**Online Бизнис средби 24.05.2023 - 25.05.2023**

# Меѓународни онлајн деловни средби - Speed-Match 2023 воздухопловниот, железничкиот и автомобилскиот сектор

Во рамки на Европската мрежа на претприемачи (ЕЕН), Стопанската комора на РС Македонија во партнерство со Индустриската комора на Ескишехир, ве покануваат да учествувате на Меѓународните деловни средби за (онлајн) вмрежување во воздухопловниот, железничкиот и автомобилскиот сектор - Speed-Match 2023 година, што ќе се одржат на 24-25 мај 2023 година, во Ескишехир, Турција.

Овој настан ќе им овозможи на големите компании, мали и средни компании, комори, кластери, инвеститори, јавни институции и здруженија единствена можност да воспостават деловни и технолошки партнерства преку однапред закажани состаноци во три индустрии, воздухопловна, железничка и автомобилска индустрија.

**Воздухопловна индустрија**

Производство на делови за мотори, структурни делови, формирање на лим, производство на алати и жици, прецизно вртење, кабли и жици, специјални процеси, површинска обработка, монтажа, интеграција итн.

**Железничка индустрија**

Производство на локомотиви, производство на вагони и компоненти, кабина, багажник, дизел мотор, производство на системи за сопирање, решенија за сигнализација, електроенергетски системи и кабли, прецизно леење, прецизна обработка, монтажа, бојадисување, обложување итн.

**Автомобилска индустрија - добавувачи**

Производство на камиони, лесни комерцијални возила, погонски агрегати, мотори и делови од моторот, каросерии на вратило, противпожарни возила, возила за спасување, дигалки за кревање автомобили, системи за заклучување на вратите на возилата, приколка, фиоки, системи за седишта, бандажи, кабини за оператори, шасија, осовина, вратило на задна брзина и автомобилски делови, итн.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk



**Семинар 29.05.2023**

# EMPLOYEE ADVOCACY - КАКО ДО НАЈДОБРИ МАРКЕТИНГ РЕЗУЛТАТИ ЗАЕДНО СО ВАШИТЕ ВРАБОТЕНИ

Стопанската комора на Северна Македонија на 29 мај (понеделник) 2023 година организира еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: EMPLOYEE ADVOCACY - КАКО ДО НАЈДОБРИ МАРКЕТИНГ РЕЗУЛТАТИ ЗАЕДНО СО ВАШИТЕ ВРАБОТЕНИ. Стандардната промоција на компаниите повеќе не е доволен репер за тоа дали една компанија е добар работодавец или не. Сите напори вложени во Employer Branding и промоција на брендот се недоволни доколку истовремено не се води активна Employee Advocacy програма каде самите вработени ги поддржуваат и поткрепуваат тврдењата кои компанијата сама ги пласира преку промотивните пораки. Employee Advocacy е пристап кој од вашите вработени создава амбасадори на вашата компанија. Преку разработени техники, тие се поттикнуваат и мотивираат да споделуваат за компанијата, давајќи поширока и порелевантна слика за работењето и достигнувањето на компанијата.

Интерактивниот семинар се фокусира на запознавање со Employee Advocacy како концепт, совладување на најпопуларните техники на поттикнување на advocacy и осознавање на причините за успех на компаниите кои имаат развиени Employee Advocacy системи.

Која е целта на семинарот:

Семинарот има за цел да ги запознае посетителите со овој начин на екстерна комуникација, да претстави методи и техники за нејзино поттикнување и да ги подготви посетителите самите да ги спроведуваат во склоп на нивните компании или организации.

Предавач:

Ива Дујак е доктор на науки од областа на маркетингот, со специјализација дигитален маркетинг.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар
30.05.2023

# ПЛАНИРАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ И КРЕИРАЊЕ НА “КЕШ БУЏЕТИ“ СО НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ

Екселот е алатка за планирање и предвидување на идните готовински текови. Со него може да се изготви детален преглед на паричните текови и изготви таканаречен “Кеш Буџет“, кој може едноставно да се објасни како документ кој претставува листинг на антиципирани готовински приливи и одливи на компанијата за одреден период. Станува збор за еден од најкомплексните документи со многу меѓусебно поврзани делови и целини.

Изработката и апдејтирањето на кеш буџетот за големите фирми не е алтернатива, туку базична потреба. За разлика од Планскиот Биланс на Успех, Кеш Буџетот опфаќа само актуелни парични текови.

Целта на обуката е да се креира комплетен документ (софтвер) за идните готовински текови и Кеш Буџет, со трите дела (работна платформа, листинг на сите готовински приливи и одливи и калкулација на крајниот кеш баланс и детерминирање на потребата за позајмување на средства- задолжување).

Овој семинар обезбедува рамка за разбирање на процесот на финансиската контрола и буџетирањето, со користење на напредни Ексел алатки – во функција на создавање на информациски систем за финансиско предвидување, планирање и контрола.

Преку овој онлајн семинар ќе дознаете како да го изготвите Кеш Буџетот за детерминирање на планските претпоставки за финансиските планови и како истите да ги разберете на начин кој ќе ви помогне во донесувањето на вистински деловни одлуки.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
31.05.2023

# Специјалистички еднодневен „он-лајн“ семинар на тема:ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Стопанската комора на Северна Македонија на 31 мај 2023 година (среда) организира специјалистички еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ.

Повеќето организации се повеќе или помалку се базирани на аплицирање на проекти. Успешното управување со проектот е од суштинско значење за добивање на поголема ефикасност и подобри резултати од истиот. Проектите не се рутински операции, туку вклучуваат уникатни задачи неопходни за постигнување на една единствена цел. Често, проектната работа вклучува членови од различни профили и области и се формираат неколку различни тимови со цел успешното завршување на проектот, што може да означи голема пресвртница за понатамошното работење и развој на една организација. Со цел да се насочаат проектите кон постигнување на бенефите раководењето со проекти ги користи потребните знаења, алатки, вештини и техники од сите расположливи ресурси.

Предавач:

- Игор Ќика, дипломиран инжинер по менаџмент и консултант за менаџерски системи

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Тренинг обука 06.06.2023 - 07.06.2023**

# Дводневна тренинг-програма на тема: ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ: ПАТ КОН РЕГИОНАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА

Брзиот технолошки развој и продор на информациско-комуникациските технологии преку процесите на дигитална трансформација несомнено наметнуваат потреба од приспособување на деловните процеси и прифаќање на дигитализацијата во компаниите во насока на задржување на конкурентноста и подигнување на ефикасноста во работењето.

Во насока на подигнување на капацитетите на високо образовните кадри во македонските компании, Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања при Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан, за потребите на бизнис заедницата, на 6 и 7 јуни 2023 година организира тренинг-програма на тема: „Дигитална трансформација за македонските компании: Пат кон регионална интеграција". Програмата се организира во рамки на проектот „Поддршка од ЕУ за Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан" финансиран од Европската Унија.

Цел на програмата:
Програмата има за цел да ги подготви претставниците на компаниите со знаења и вештини неопходни за успешно совладување на предизвиците кон патот на дигиталната трансформација. Учесниците на Програмата ќе имаат можност да добијат значајни информации кои ќе им овозможат интеграција на македонските компании во регионалното дигитално подрачје на Западен Балкан и нивно унапредување во интеграцијата кон пан-европскиот дигитален пазар.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



**Саем 08.06.2023 - 09.06.2023**

# Покана за Б2Б средби на тема: „ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА" 8 - 9 јуни 2023 година, Солун, Грција

По повод првата саемска изложба и конгресен настан Forward Green ( FG Expo ), Федерацијата на индустрии на Грција (SBE) во соработка со Стопанската комора на Северна Македонија, во рамки на Enterprise Europe Network, заедно со TIF HELEXPO SA организираат настан за натпревари од 08 – 10 јуни 2023 година, во салонот TIF-HELEXPO во Солун, Грција.

Овој B2B настан има за цел да придонесе за имплементација на нов претприемачки дух за Грција, заснован на циркуларна економија, зелен развој и трансформација на бизнис модели со цел да се зачуваат природните ресурси и да се придвижат кон одржлив развој. Овој нов пристап кон економијата се однесува на голем број процеси кои бараат планирање, а започнува со употреба на суровини и води сè до производство, дистрибуција, потрошувачка и рециклирање на потрошените производи, така што најмала количина на отпадот завршува во околината.

Билатералните средби ќе се одржат во првиот и вториот ден од 3-дневната изложба (08 - 10 јуни 2023 година) за најдобра можна организација, со цел да се добие максимална вредност и резултати во најефикасен временски рок.

Покрај b2b состаноците што ќе се организираат, учесниците ќе имаат можност да ги искористат предностите од присуството на различни специјални настани организирани паралелно со изложбата, со фокус на зеленото претприемништво и иновациите.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100 години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088